Арх.бр. УП1-15 1798/2021
Дата......................
06 -12- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Општина Свети Николе** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1509/2, КО Свети Николе-вон г.р. и КП 866/1, КП 866/2 и КП 866/3,** КО Горобинци, **Општина Свети Николе**.

Површината на предметниот опфат изнесува 0,93 ha. Предвидените електрани се со вкупна моќност до 1MW.

Предметниот опфат граничи со опфат за кој што се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на:

- ГУП на град Свети Николе, со тех. бр. Y20514 и за истите има издадено Решение бр. 15-6388/4 од 07.08.2014 год. и
- Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти за мало стопанство на КП 864/1, КП 868, КП 869, КП 870, КП 871, КП 872, КП 873, КП 874/1, КП 874/2, КП 881, КП 1585/1, на м.в. Беш Карач, КО Горобинци, Општина Св. Николр, со тех. бр. Y 06409і и за истите има издадено Решени бр. 15 – 3420/4 од 22.06.2015 год.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y28921 се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1509/2, КО Свети Николе-вон г.р. и КП 866/1, КП 866/2 и КП 866/3, КО Горобинци, Општина Свети Николе, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1509/2, КО Свети Николе-вон г.р. и КП 866/1, КП 866/2 и КП 866/3, КО Горобинци, Општина Свети Николе, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk